Narkomanija (Makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 16 | Nivo: Fakultet Ljupco Santov

Брзиот развој на цивилизацијата доведе до одредени промени во општествениот живот, така што одредени општествени формации започнаа да ја губат својата основна функција.Темпото и динамиката на денешното живеење, секојдневните грижи, нерешените проблеми го заморуваат човекот. Тоа уште повеќе е изразено кај младиот човек, кој со своето скромно животно искуство, во голем број случаи, решението и утехата за своите проблеми го пронаоѓа во дрогата.Дрогите низ историјата и денес првенствено се употребуваат како лек, пред сеприродните droги и воопшто нивната употреба во фармацијата и индустријата за лекови е голема. Во оваа смисла дрогата има благотворно дејство. “Меките дроги” кои во исклучителни случаи како средство за смирување болка, несоница, но во умерени количини, не создаваат зависности, се употребуваат и за задоволство, за создавање на релаксирачка состојба, ослободување од напнатост, како пат и средство за ослободување од нерешливите животни проблеми. Сепак, предоминантно дрогите претставуваат зависност. Тргнувајќи од фактот, дека дрогите (природните) првенствено се лекови, во овој случај се работи за погрешна примена на дрогата, за нејзина злоупотреба бидејќи не се употребува како лек, туку како средство што треба да разреши кај човекот некои други проблеми. Таквата злоупотреба создава зависност, која со себе носи многу тешки последици за една личност, на физички и психички план: придонесува таа да се отуѓи, да се дезинтегрира од општеството. Злоупотребата на дрогата не е откритие на денешницата. Уште од раниот палеолитски период (40.000 - 10.000 години пред нашата ера), преку “хипи” движењето од времето на 60-те години на XX век, до ден денес, и притоа зафакајќи ги речиси сите земји во светот, злоупотребата на дрога го следи човекот како сенка. Феноменот дрога можеме да го анализираме како: масовна социо-патолошка појава; сериозен загрозувач на физичкото и менталното здравје на човекот; криминална дејност; нарко – криминал како организиран криминал од меѓународни рамки; кримоген фактор кој има сериозни последици од материјално-финансиска природа – создавање нечисти пари односно нечист капитал и перењето пари, како нов облик на современо кривично дело. Дрогите го освојуваат светот, првенствено со појавата на се почестата употреба на лекови кои содржат опојни супстанции. Злоуотребата на дрога во последниве години заземе широки размери, особено во индустриски најеазвиените земји. Таквата експанзија произведе криминални организации, кои се занимаваат со илегално производство, транспорт и препродажба на дрога.

Состав и дејство на дрогата

Под поимот дроги кои предизвикуваат опасност, подразбираме дроги кои имаат способност да влегуваат во интеракција со живите организми, предизвикувајќи состојба на психичка или физичка или пак двете (Депенденце Продуцион Друг). Дрога може да биде било која природна или синтетичка супстанција која поседува некоја посебна или избрна привлечност. Такви се опојните дроги кои се сметаат за супстанции од природно или синтетичко потекло со чија употреба може да се создадат состојби на зависност, што можат да го загрозат човековиот интигритет во физичка, психичка или социјална смисла. Како опојни дроги се сметаат и психотропните супстанции. Од фармаколошки аспект, дрохите имаат дејство, предизвикано од хемиските својства на супстанциите, кои влијаат на структурата и функцијата на живите организми, а со тоа го менуваат расположението и свеста на човекот. Дејството на дрогата ја менува човековата личност, а со повеќекратно консумирање се оштетуваат одредени витални органи. Дрогата има дејство и врз менталниот живот, проследено со лудило, параноја и шизофренија. Користење на прекумерни дози доведува до смрт. Исто така имаат влијание и врз психичката преобразба на личноста, проследено со физичко и психичко распаѓање, слабеење на нервниот систем, менување на карактерот. Со сето ова не само што е засегнат поединецот, туку засегнати се и семејството и општеството во целост.

---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL: maturskiradovi.net@gmail.com